ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

Шаховска федерација на Македонија
Број 303/март 04, 2025 година

ИЗЈАВА од Претседателот на ШФМ за 2024 година

Почитувани членови на управниот одбор на Шаховската Федерација на Македонија,
Почитувани членови на Собранието на Шаховската Федерација на Македонија
Почитувани претставници од шаховските клубови,
Драги шахисти и љубители на шахот,

Денес 04.03.2025 година ја поднесувам својата **оставка** од функцијата Претседател на Шаховската Федерација на Македонија пред истекот на мојата четврта година од мандатот.
Причините ќе ги образложам, но пред се сакам да се заблагодарам на досегашната доверба и досегашната соработка се со цел да ги подобриме успесите и условите на шахот во Македонија.
Во изминатите три години успеавме:

- да го воведеме шахот како изборен предмет во основните училишта и со тоа да дојдеме со изучување на шахот кај најмладите кои се наша иднина
- обезбедивме простории од 156 м2 кои треба да се реновираат и конечно шаховската федерација во Македонија да има сопствен и респектабилен дом
- се спроведе обука на над 1000 наставници кои треба да го предаваат шахот како изборен предмет во основните училишта
- се потпишаа стратешки партнерства со НЛБ Тутунска банка, УНИ Банка, Витаминка, Пелистерка и други кои помагаат во развој на шахот и развој на шахот во училиштата
- со последниот договор обезбедуваме 10.000 шаховски комплети со што скоро сите основни училишта ќе ги опремиме со шахови и со тоа ќе го олесниме проектот шах во училиштата
- организиравме кампови и обуки за нашите репрезентативци пред секој настап на нашата репрезентација
- организиравме европско првенство во рапид и блиц во 2024 година и светско првенство во екипен шах во 2023 година
- направени се три лиги во натпреварувањето во шах и најдобро организирана женска лига
- во соработка со општина Кисела вода се направи шаховски парк на отворено на површина од 3000 м2

Иако во многу работи направивме поместувања во позитивна насока сепак од нашето ресорно министерство почнавме да ја губиме поддршката. Во 2024 година која беше изборна година и се чекаше на формирање на влада и формирање на ново министерство за спорт и млади, федерацијата доби од распределба на средства и субвенции само 2 милиони денари а претходно добивавме до 5,5 милиони денари а клубовите добија субвенции во износ од 600.000 денари а претходно добиваа 3,5 милиони денари. Воедно иако беше предвидено во програмата и иако имавме цврсти гаранции од министерот за спорт, господинот Борко Ристовски од предвидените 6 милиони денари за организирање на Европското првенство за рапид и блиц, добивме 0 денари, а не добивме ниту пак ветување дека тие средства некогаш ќе се исплатат. Членовите на шаховската федерација и организаторите го организираа првенството од сопствени средства се со цел да не се наруши угледот на ШФМ и на Република Македонија во Европа и светот. Иако после тоа организиравме и состаноци, телефонски контактиравме и праќавме дописи за да добиеме конкретни одговори како ќе продолжи соработката со министерството за спорт до ден денес немаме никаков одговор. Министерството за спорт нема ни свој веб сајт каде може да се информираме што е предвидено за шахот во

Македонија во 2025 година и како понатаму, а никој не знае под кои услови и критериуми се доделуваат средства за спортските клубови и федерации. Сепак благодарност до владата која на неколку барани средби не удостои и не сослуша за проблемите со кои се соочуваме и од каде добивме ветувања дека некои работи ќе се средат. Но, времето одминува а проблемите не се решаваат и во спротивно се повеќе се зголемуваат. Иако не гледам причина за ваков однос од министерството за спорт и министерот, сметам дека со оставката која ја поднесувам ќе успеам да предизвикам реакција кај луѓето задолжени за спортот во Македонија да преземат нешто и покажат интерес бидејќи со ваков третман се доведуваме до ситуација се што било направено досега да биде уништено, а шахот во Македонија и шаховската федерација имаат непредвидлива иднина. Сметам дека со оставката ќе отклонам и некои недоразбирања и нема да бидам пречка за понатамошен развој, но сепак имам страв дека и покрај тоа ќе остане незаинтересираноста од министерството за спорт. Јас без разлика на се ќе продолжам со својата активност да се завршат сите обврски што ги имаме преземено, а воедно да опстојат и сите проекти во коишто највеќе се вложија клубовите и шахистите.

Во периодот кој што претстои ќе дадам се од себе да Собранието на шаховската федерација се одржи во најдобар ред се со цел изгласување на потребните акти и органи се со цел понатамошно нормално функционирање на шаховската федерација и шахот во Македонија со напомена дека останувам активно посветен да се завршат започнатите активности и обврски.

Со почит,
Саша Богдановиќ
Претседател на Шаховската Федерација на Македонија

С Богдановиќ

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ